Врз основа на член 27 од Статутот на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп, Годишното Собрание на Акционери на Друштвото, на седницата одржана на 30 мај 2025 година, ја донесе следната:

**П Р Е Д Л О Г   О Д Л У К А**
**За усвојување на годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп**
**За годината која завршува на 31 декември 2024 година**

**Член 1**

Се усвојува годишната сметка на МЕРМЕРЕН КОМБИНАТ АД Прилеп за годината која завршува на 31 декември 2024 година и придружните биланси:

- Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2024;
- Извештај за сеопфатната добивка за периодот 1 јануари – 31 декември 2024;
- Извештај за промените во капиталот;
- Извештај за паричните текови.

**Член 2**

Во извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2024 година се искажани следните билансни состојби:

| | |
|---|---|
| Средства | во Денари 2.428.032.680,00 (Евра 39.483.415,00) |
| Капитал и обврски | во Денари 2.428.032.680,00 (Евра 39.483.415,00) |

**Член 3**

Согласно извештајот за сеопфатната добивка за периодот од 1 јануари до 31 декември 2024 година, вкупните приходи изнесуваат 1.964.991.851,00 Денари (Евра 31.934.522,00), а вкупните расходи 944.749.036,00 Денари (Евра 15.353.809,00). Добивката пред оданочување е во износ од 1.020.242.815,00 Денари (Евра 16.580.713,00), данокот на добивка е во износ од 106.463.508,00 Денари (Евра 1.730.216,00) и остварената нето добивка за деловната година е во износ од 913.779.307,00 Денари (Евра 14.850.497,00).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Претседавач на Собрание**

______________________